ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 30-165/9

Дата: 29.12.2011

**ДО**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран за 2010 година.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран за 2001 година и е изразено мислење без резерва. Препораки, во однос на утврдените неправилности, не се дадени.

Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Дојран под 31 декември 2010 година е негативно, додека мислењето за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и мислењето за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е со резерва.

Во Општина Дојран не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола, што создава ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на приходи од даноци, такси и надоместоци.

Пазарната вредност на недвижниот имот на физичките лица во Општина Дојран не е утврдена во согласност со одредбите на Законот за даноците на имот, а утврдувањето на данокот на имот се врши врз основа на податоците за висината на даночната основица преземени од Управата за јавни приходи во 2006 година.

Исклучок се физичките лица кај кои настанале промени на сопственичките права. За нив, во регистарот како даночна основа е внесена вредноста на имотот проценет согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и Одлуките на Советот за утврдување зони и вредност на земјиштето. Проценката на пазарната вредност на недвижниот имот кај правните лица е целосно завршена. Со цел да се обезбеди реалност и целосност на овие приходи дадена е препорака да се изврши утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во согласност со законската регулатива.

При издавањето на одобрение за градба во Општина Дојран дадена е можност за плаќање на рати на надоместокот за уредување на градежното земјиште, меѓутоа, не се бара инструмент за обезбедување на плаќањето. Од друга страна Општината нема воспоставено евиденција на побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште што создава ризик од неплаќање од страна на обврзниците и остварување помалку приходи на Општината, што влијае врз изградбата на комунална инфраструктура во Општината и спроведувањето на Програмата за уредување градежно земјиште.

Невоспоставените контролни постапки условуваат грешки во пресметките на надоместокот за уредување на градежно земјиште кои, иако се минимални, значат ризик од помалку остварени приходи на Општината, како и нереални пресметки за барателите на одобрение за градење.

Во сметководствената евиденција на Општина Дојран не се евидентирани и во финансиските извештаи не се искажани побарувања по основ на утврдени а ненаплатени даноци, такси и надоместоци чие администрирање е во надлежност на Општината. Неевидентирањето на побарувањата создава ризик од непреземање мерки за нивна наплата, помалку остварени приходи, а со тоа и неизвршување на програмите на Општината.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 16 и 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран за 2001 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран под 31 декември 2001 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2001 година е изразено мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Глигор Чабулев - градоначалник на Општина Дојран во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 13.09.2011 до 22.09.2011 година, кај Општина Дојран на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Последна извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Дојран е за 2001 година. Изразено е мислење без резерва во однос на реалноста на финансиските извештаи и законското и наменското користење на средствата. Препораки во однос на утврдените неправилности не се дадени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 25.10.2011 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30 -165/3 од 24.11.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Во Општина Дојран не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола, кој го опфаќа финансиското управување и контрола во прибирањето на приходите утврдени во буџетот, управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот и заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба.
Основано е одделение за финансиски прашања, меѓутоа, нема назначено раководител, кој согласно членовите 11 и 12 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола има значителни надлежности во областа на финансиското управување и контрола.
Во Општина Дојран нема воспоставено внатрешна ревизија согласно членот 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Не се донесени пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплататата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфичните услуги и комуналните такси.
Една од причините за отсуството на систем на јавна внатрешна финансиска контрола во Општина Дојран е малиот број вработени во општинската администрација (вкупно 10 вработени) како и некористење на можностите кои ги нуди Законот за меѓуопштинска соработка.
Невоспоставените контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината не е во согласност со членот 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што создаваат ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на даноци и такси, како и ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Дојран да:

- донесе пишани процедури и да обезбеди нивна целосна примена во процесот на утврдувањето и наплатата на приходите за чие администрирање е надлежна општината со поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, обезбедување ex - ante и ex - post финансиска контрола,
- назначи раководител на одделението за финансиски прашања,
- воспостави внатрешна ревизија со ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор и
- го интензивира процесот на воспоставување меѓуопштинска соработка за што се воспоставени иницијативи во текот на 2010 година.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Дојран во Буџетот за 2010 година има планирано приходи и расходи во износ од 45,002 илјади денари. Реализираните приходи се под планираниот износ за 28%, а расходите за 31%. Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот. Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните произлегува од големото отстапување на приходите од продажба и закуп на земјиште и трансфери од Буџетот на Република Македонија, односно кај приходите чие остварување не зависи од Општината (остварени се со 57%). Приходите за чие администрирање е надлежна Општината се остварени со 88%.
Со ребалансот на буџетот во 2010 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што придонесува за нарушување на принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**
Одделението за финансиски прашања:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години и
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) со цел усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.

4.2.2. Согласно член 45 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, е уредено дека во рамките на општинската администрација, општините треба да имаат најмалку тројца вработени, кои се квалификувани да работат на утврдување и наплата на даноци. Ова истовремено е еден од условите за премин во втората фаза од фискалната децентрализација.
Во Општина Дојран, администрирањето со даноците и дел од комуналните такси е во надлежност само на едно вработено лице, кое врши утврдување на данокот на имот, данокот на промет, наследство и подарок и комунална такса за фирма, ја следи наплатата и презема мерки за присилна наплата. Не се врши контрола на направените пресметки од комисијата за проценка на недвижниот имот бидејќи претседател на комисијата за утврдување на пазарната вредност е вработениот кој истовремено го врши целокупното администрирање со даноците. Не се воспоставени интерни контроли и нема назначено раководител на одделението за финансиски прашања.

Согласно Законот за даноци на имот, инспекциски надзор над наплатата на даноците од имот врши овластен инспектор на општината. Во систематизацијата која е во примена од 2011 година, систематизирано е работно место Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци, кое не е пополнето.
Концентрирањето на повеќе надлежности и одговорности кај еден вработен, без притоа да има лице одговорно за контрола, создава ризик од грешки во утврдувањето и наплатата на приходите на Општината.

**Препорака:**

- Градоначалникот на Општина Дојран кадровски да го екипира одделението за финансиски прашања, во делот на даночната администрација. Доколку поради недостиг на финансиски средства општината не е во состојба да обезбеди нови вработувања, да се преиспита можноста за воспоставување меѓуопштинска соработка, што како можност е утврдено во членот 14 од Законот за локална самоуправа, а е регулирано и со Законот за меѓуопштинска соработка.
- Да се обезбеди контрола на точноста на пресметката на проценетата вредност на недвижниот имот извршена од страна на Комисијата.

4.2.3. Градоначалникот на општина Дојран нема подготвено предлог на план на програми за развој кој треба да го достави на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година, што не е во согласност со членот 21-б од Законот за буџетите. Буџетот на Општина Дојран во својот состав нема развоен дел, што произлегува од членот 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Буџетот без Предлог план на програми за развој е нецелосен и создава услови за субјективност во планирањето и менаџирањето со средствата потребни за реализирање на повеќе годишни проекти.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Дојран да подготви предлог на план на програми за развој и да го достави до советот на општината во законскиот рок. Одобрениот план на програмите за развој треба да е составен дел на предлогот на буџетот на општината.

4.2.4. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи е утврдено дека:

- Не е извршено ажурирање на пазарната вредност на имотот во регистарот на физичките лица, што се потврдува со фактот дека кај дел од обврзниците нема промена на облогот (задолжувањето), освен кај даночните обврзници каде е настанат промет (купопродажба, наследство, подарок и по друг основ). На овој

начин се создава нерамноправност меѓу физичките лица во однос на плаќањето обврска за данок на имот. За недвижниот имот на правните лица проценката е извршена согласно Методологијата во 2008 година, кога започна обврската кај нив за плаќање данок на имот, врз основа на податоците од пријавите и увид на лице место од страна на Комисијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот и

- Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот на новопријавените даночни обврзници не го врши Комисијата за проценка и не се излегува на лице место заради утврдување на фактичката состојба, туку се врши од страна на даночниот администратор, што не е во согласност со членот 5, точка 3 од Законот за даноците на имот.

**Препорака:**

- Да се изврши ревреднување на целокупниот недвижен имот на физичките лица на територијата на Општина Дојран.
- Проценките на пазарната вредност на недвижниот имот во сите случаи да ја врши комисија формирана од Советот на Општината.

4.2.5. Голем дел од правните лица (хотели) и лица кои даваат услуги за сместување на туристи и патници во текот на 2010 година немаат извршено уплата на такса за привремен престој, што не е во согласност со членовите 7 и 8 од Законот за таксата за привремен престој. Согласно наведените членови е уредено дека сите оние кои даваат услуги за сместување на туристи и патници, се должни таксата за привремен престој да ја наплатуваат истовремено со наплатувањето на извршената услуга за ноќевање и да ја уплатат до 15-от ден во тековниот месец за изминатиот месец во Буџетот на Општината (80%) и на сметката на Буџетот на Република Македонија (20%).

Неплаќањето такса за привремен престој влијае на остварување помалку приходи во Општината. Во летниот период Општината ангажира лица кои секојдневно вршат контрола, што резултира со зголемена наплата, меѓутоа, податоците укажуваат на сеуште низок степен на наплата, односно од остварените приходи по овој основ во 2010 година произлегува дека во текот на цела 2010 година во Општина Дојран престојувале вкупно 31 илјада гости, или по 500 гости дневно во екот на туристичката сезона (јули и август). При тоа, треба да се имаат предвид одредбите на членот 12 од Законот за таксата за привремен престој согласно кои овластениот инспектор на општината е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата доколку не ја уплати таксата за привремен престој и ако во секој одделен случај не наплати такса за привремен престој истовремено со наплатата на сметката за извршената услуга за ноќевања. Ако сторителот доброволно не ја

плати глобата, овластениот инспектор на општината, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршок.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Дојран во соработка со Државниот пазарен инспекторат да го засили надзорот над наплатата на таксата за привремен престој.

4.2.6. Во текот на 2010 година се наплатени 316 илјади денари приходи по основ комунална такса за паркирање на возила. Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Дојран за паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта утврдено е дека дневната такса изнесува 50 денари, а е наплатувано по 100 денари дневно во периодот јули-август 2010 година. Во август 2010 година е извршено контрола од страна на Управата за јавни приходи, при што е констатирано дека Општина Дојран работи спротивно на Законот за регистрирање на готовински плаќања, за што на Општината и е изречено глоба. Приложената документација за наплатената такса не е целосна, односно редните броеви на парагон блоковите кои се издавани на корисниците на услугите не се аритметички подредени. Ова се објаснува со фактот дека дел од парагон блоковите се печатени во изминатите години, па дел се користени претходно, меѓутоа, потврда за ова нема.
По овој период наплатата на комуналната такса за паркирање е пренесена на јавното претпријатие. Од јавното претпријатие нема уплати во буџетот по овој основ, поради блокирана сметка, што придонесува за помалку приходи во буџетот на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки за точно утврдување на обврската на јавното претпријатие кон Општината по сонов на комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила и да ја преиспита можноста за давање на паркинзите под закуп или со јавно приватно партнерство заради обезбедување на приходи во буџетот.

4.2.7. Општина Дојран има донесено Одлука за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во Општина Дојран во 2009 година која преку сметките за вода и ѓубретарина ги наплатува ЈПКД „Комуналец Полин". Јавното претпријатие не ги уплаќа наплатените средства за одржување на јавна чистота бидејќи неговата сметка е блокирана, а истовремено и фактурира на Општината за одржување на јавна чистота согласно годишната програма за работа на јавното претпријатие.
Согласно член 25 од Законот за јавна чистота, средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за

финансирање на работите на јавната чистота. Општината нема сознание колку средства има прибрано ЈПКД „Комуналец Полин" по овој основ, што влијае врз висината на планираните средства во нејзиниот Буџет.
Од Увидот на сметките на ЈПКД „Комуналец Полин" Стар Дојран е утврдено дека начинот на пресметување на надоместокот не е во согласност со Одлуката.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Дојран да се ангажира за целосно спроведување на Одлуката за висината на надоместокот за одржување на јавна чистота и на одредбите од Законот за јавна чистота.

4.2.8. Во однос на утврдувањето и наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште констатирани се следните состојби:

- при издавањето на Одобрението за градба е дадена можност за плаќање на рати, што е уредено во договорите за уредување на градежно земјиште помеѓу Општината и инвеститорот. Согласно одредбите на членот 59 од Законот за градење, без платен надоместок органот не може да издаде одобрение за градење, освен ако не е склучен договор за начинот на плаќање на надоместокот или договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок, односно акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот или инвеститорот доставил банкарска гаранција за плаќање на надоместокот. Во Општина Дојран не се бара и не се доставува банкарска гаранција. Од друга страна општината нема воспоставено евиденција на побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште што создава ризик од неплаќање од страна на обврзниците и остварување помалку приходи на општината. Во договорениот рок не се платени 568 илјади денари за колку што не се остварени приходи, ниту се поведени постапки за нивна наплата. Неплаќањето надоместок за уредување на градежно земјиште има негативно влијание врз изградбата на комунална инфраструктура во Општината и спроведувањето на Програмата за уредување градежно земјиште,
- во еден случај е издадено одобрение за градење за училиште без пресметан и платен надоместок за уредување градежно земјиште, со образложение дека инвеститорот (основно училиште) е ослободен од плаќањето на надоместокот. Општината нема побарано и Советот на Општина Дојран нема донесено акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот, што не е во согласност со членот 59 од Законот за градење. Издавањето одобрение за градење без акт на Советот, создава ризик од нетранспарентност и субјективност при издавањето на одобрение за градење без платен надоместок.

- во пресметките на надоместокот за уредување на градежно земјиште се утврдени минимални грешки. На ниво на Општината е утврдено помалку пресметан надоместок за уредување градежно земјиште во износ од 26 илјади денари, што е без материјално значење врз приходите по овој основ (0,4% од наплатениот надоместок), како и на ниво на вкупните приходи на Општината (0,1%). Меѓутоа, во четири поединечни случаи е пресметано помалку надоместок во износ од 106 илјади денари, а во четири случаи повеќе е пресметан надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 80 илјади денари, што укажува на недоволна контрола на пресметките и ризик од помалку остварени приходи на Општината, како и нереални пресметки за барателите на одобрение за градење,
- во Програмата за уредување на градежното земјиште е уредено дека надоместокот може да се плати најмногу на 12 месечни рати, а за плаќање на целиот износ одеднаш износот на надоместокот ќе се намали за 10%. Нама лување за 10% не се врши, што за Општината значи поголем приход по овој основ во износ од 507 илјади денари. Исто така, не се применуваат и точките 2 и 3 од Програмата за уредување на градежно земјиште, за понизок и повисок степен на уредување на градежното земјиште (не е можно да се квантифицира, бидејќи тоа значи целосна повторна пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште за сите објекти на комуналната инфраструктура, за кои се предвидени различни проценти на зголемување/намалување,
- во Програмата за уредување на градежното земјиште дел од зоните не се прецизно дефинирани. Предвидено е цена на надоместокот за мв.Калдрма во износ од 2,600 денари како за нова населба во која целосно недостасува комунална инфраструктура. Со ревизијата беше утврдено дека во еден случај каде се бара промена на одобрението за градба заради усогласување со измените на основниот проект, градбата согласно имотниот лист се води во мв. Калдрма, Нов Дојран, а пресметката за доплата е правена по цена од 900 денари. Ова создава ризик од субјективност при пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште во однос на зоните и примена на несоодветна цена. Објаснувањето е дека овој објект се наоѓа во веќе изградена населба, а не во новата населба.

**Препорака:**

- градоначалникот на Општина Дојран, пред потпишувањето на Одобрението за градење, доколку е договорено плаќање на рати, да бара инвеститорот да достави банкарска гаранција или да востанови хипотека во корист на општината;
- акт за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување градежно земјиште да носи Советот на Општината како надлежен орган кој ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината;

- градоначалникот на Општината да донесе пишани процедури за спроведување на постапката за издавање на одобрение за градење од аспект на утврдување на надлежностите и одговорностите во постапката, со нагласка на обезбедување контрола во утврдување на надоместокот и неговата наплата, како и за поведување постапка за наплата на заостанатиот долг по овој основ;
- да се преиспитаат одредбите во Програмата за уредување на градежно земјиште во однос на одобрување попуст за плаќање на целиот надоместок одеднаш и за понизок и повисок степен на уредувањена градежното земјиште;
- во Програмата за уредување на градежното земјиште да се прецизираат зоните, особено во услови кога постојат значителни разлики во цените во соседни зони.

4.2.9. Не се наплатени комунални такси за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност и за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност во износ од 453 илјади денари, што не е во согласност со член 3, точка 3 и точка 7 од Законот за комунални такси, каде е утврден предметот на оданочување со комунални такси. Комунална такса се утврдува, се изготвуваат решенија и се испраќаат известувања за износот што треба да се плати, со што завршуваат активностите на Општината. Не се следи наплатата и не се преземени мерки за наплата на побарувањата со отстранување на опремата од јавната површина и присилна наплата. Општината нема изготвено акт за процесот за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, со утврдување на текот на целата постапка, со разграничување на одговорностите при утврдување на обврската за плаќање, евидентирањето, следењето на наплатата и преземањето мерки за наплата. Непреземањето мерки за наплата на комуналните такси влијае на остварување помалку приходи на Општината и ги става во нерамноправна положба корисниците на јавна површина

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината да донесе акт/процедури за пресметка и наплата на комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност и за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, заради контрола, разграничување на обврските и одговорностите при пресметката и наплатата на комуналната такса.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Во сметководството на Општина Дојран не се евидентирани и не се искажани во финансиските извештаи за 2010 година побарувања во вкупен износ од 6,820 илјади денари што не е во согласност со членот 4 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде што е уредено дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат поединечни податоци за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата. Неевидентирањето на побарувањата создава ризик од непреземање мерки за нивна наплата, помалку остварени приходи, а со тоа и неизвршување на програмите на Општината.
Неевидентираните побарувања се по повеќе основи:

- данок на имот во износ од 3,278 илјади денари, според податоците од даночното сметководство;
- комунална такса за фирма, односно деловна просторија во износ од 1,930 илјади денари, според податоците од даночното сметководство;
- комунални такси за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност и за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност во износ од 453 илјади денари;
- закупнина во износ од 38 илјади денари и
- пресметан надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 1,121 илјади денари.

**Препорака:**
1. Самостојниот референт-книговодител да изврши евидентирање на сите побарувања на Општината, врз основа на податоците од даночното сметководство, склучените договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, решенијата за комунална такса за користење на простор пред деловни простории и друга документација.
2. Одделението за правни и општи работи и јавни дејности да преземе мерки за наплата на побарувањата по основ на неплатен надоместок за уредување на градежно земјиште, користење на просторот пред деловни простории, плоштад и друг простор и закупнина.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.2.4 до 4.2.7, а кое се однесува на необезбедената наплата на одредени комунални такси и нецелосно ажурирани регистри за данок на имот, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

Вкупен ефект од изнесеното во точката 4.2.8. и 4.2.9. се помалку остварени приходи во износ од 540 илјади денари.
Вкупен ефект од изнесениот наод во точката 4.3.1. е потценување на побарувањата во билансот на состојба за 2010 година за 6,820 денари.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финасиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.3.1. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран на ден 31 декември 2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките од 4.2.4. до 4.2.9. е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Дојран, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Системски слабости**

Согласно член 39 став 2 од Законот за даноците на имот општинската администрација и администрацијата на Град Скопје се должни редовно да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастер на недвижности. Ваквото усогласување и покрај барањата на општините досега не е направено и оваа законска одредба не е имплементирана. Причините за ваквата состојба според сознанијата се дека не се компатабилни регистрите кои ги води даночната администрација и регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности. За имплементирање на оваа законска одредба, а во функција на комплетност на регистарот кој го води даночната администрација законодавецот да преземе активности во функција на надминување на оваа состојба.

Скопје, 26.12.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 18.067 | 11.879 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 865 | 308 |
| Капитални приходи | 3.3. | 2.694 | 2.976 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 10.846 | 11.519 |
| **Вкупно приходи** | | **32.472** | **26.682** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 5.670 | 5.281 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 66 | 105 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 14.648 | 12.213 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 540 | 290 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 70 | 24 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20.994** | **17.913** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 10.064 | 6.811 |
| **Вкупно расходи** | | **31.058** | **24.724** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.414** | **1.958** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________ ______________________

*2.* ______________________

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.414 | 1.958 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.414** | **1.958** |
| **Вкупна актива** | | **1.414** | **1.958** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 1.414 | 1.958 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.414** | **1.958** |
| **Вкупна пасива** | | **1.414** | **1.958** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________ ______________________

*2.* ______________________